На **4 и 5 февруари 2016 година во Белград** се одржа првата средба на партнерите вклучени во регионалниот проект „ **Подготовка за развојна помош** “. Главна тема беше утврдувањето на регионалниот настап за спроведување на проектот и размена на знаења за поттикнување на соработката и вмрежувањето за развојна помош меѓу партнерите во проектот, особено од примерите на партнерите од Хрватска и Словенија. Учесниците разговараа и за **случувањата во регионот поврзани со развојната помош** , за можностите организациите да придонесат кон новите [17 одржливи развојни цели на ОН](#) и активностите за [бегалската криза](#) .



На средбата беше презентирано значењето на **развојна помош во процесот на преговори со ЕУ** како и потребата од вклучување на граѓанското општество во поглавјето 30 - Надворешни односи во преговорите на земјите за членство во ЕУ. Кога станува збор за областа на хуманитарна помош и развојна политика, земјите членки и оние кои пристапуваат кон ЕУ треба постепено да го усогласат националното законодавство со ЕУ, како и со меѓународните обврски. Дополнително потребно е постепено усогласување на политиките и позициите на земјите кандидати кон трети земји и кон меѓународните организации, со политиките и ставовите усвоени од страна на ЕУ.

**МЦМС е активен во подготовките за вклучност во политиките за развојна помош речиси една декада.** Во проектот „Подготовка за развојна помош“ е одговорен за спроведување на активностите на национално ниво. Проектот е финансиран од Австриската агенција за развојна помош (АДА) и членките на Хоризонт3000: Каритас од Австрија, ДКА Австрија, КФБ, КМБО и Велтхаус Грац.



Целта на проектот е зајакнување на вклученоста на граѓанското општество во Западен Балкан во напорите за глобално искоренување на сиромаштијата и за глобална правда, како и мобилизирање и поддршка на граѓанските организации да работат заедно при јакнење на јавната свест во земјите кандидати на ЕУ за потребата за образование и ангажираност во меѓународната развојна агенда.

Регионален координатор на проектот е БЦСДН, а партнери од ЕУ земји се СЛОГА од Словенија, Понтис фондацијата од Словачка и КРОСОЛ од Хрватска. Покрај МЦМС, на национално ниво активностите ги спроведуваат: Граѓански иницијативи и Граѓански парламент од Србија, ЦРНВО од Црна Гора, ИДМ и Конкорд од Албанија.